European Policy Institute. Skopje

# Национална програма за обука

ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА Граѓанските организации ЗА ЕФЕКТИВНО УЧЕСТВО ВО РЕФОРМАТА НА јавната АДМИНИСТРАЦИЈА

Norway

SMART Balkans Civil Society for Shared Society in the Western Balkans

CPCD Centar za promociju civilnog društva

IDM Institute for Democracy and Mediation Instituti për Demokraci dhe Ndërmjetësim

CRPM Center for Research and Policy Making ...policy impact since 2004

# Вовед

Активното учество на граѓанските организации (ГО) во реформата на јавната администрација (РЈА) е од суштинско значење бидејќи овозможува широк опсег перспективи и поттикнува еден поинклузивен и посеопфатен процес на донесување одлуки, и обезбедува резултатите да ги одразуваат разнородните општествени потреби.

Подобрувањето и зајакнувањето на капацитетите и знаењата на ГО се клучни за да се овозможи нивното ефективно учество во изготвувањето на РЈА и следењето на реализацијата, и тоа на начин што ќе им се дадат знаења потребни за нивниот придонес да биде порелевантен. Згора на тоа, нивното учество во изготвувањето на документите за политики и прописите е витално за унапредување на транспарентноста и отчетноста на владата, со што се создава едно подемократско опкружување со фокус на граѓаните. Ако соодветно со вклучат и консултираат, ГО би биле подобри посредници меѓу државата и граѓаните, и би произвеле анализи што поточно ги земаат предвид ставовите и ограничувањата на Владата, со што ќе придонесат за партнерски односи меѓу Владата и целото граѓанско општество. Поголемо учество на ГО во РЈА ќе создаде и повеќе можности за позитивно обликување на опкружувањето за креирање политики, со оглед на тоа што инклузивниот развој на политики заснован на докази е составен дел на планот за РЈА.

Затоа, проектот *WeBER Plus* става акцент на одржување наменски обуки за ГО врз основа на претходно утврдени потреби за да им помогне на организациите подобро да ги разберат РЈА во контекст на пристапувањето во ЕУ, како и поефективно да придонесат за интеграцијата во ЕУ и подобро владеење во Западен Балкан (ЗБ). Обуката ќе се спроведува на регионално и национално ниво во четирите земји од Западен Балкан вклучени во проектот Вебер плус, а програмите за обука се развиени врз основа на идентификуваните потреби на граѓанските организации. Беа развиени понапредни регионални обуки врз основа на придонесот на членовите на ГО на регионалната WeBER платформа, кои се покажаа како поискусни во следењето и учеството во РЈА, како и во процесите на креирање политики. Националните обуки, кои го покриваат основното ниво на знаење, главно се наменети за организации кои учествуваат во Националните работни групи во рамките на иницијативата WeBER во земјите опфатени со проектот, т.е. организации ангажирани и заинтересирани за РЈА главно од локална перспектива и генерално со помалку искуство во однос на учество во РЈА и процеси на креирање политики.Обуката ќе се спроведува на регионално и национално ниво во четирите земји од Западен Балкан вклучени во проектот Вебер плус, а програмите за обука се развиени врз основа на идентификуваните потреби на граѓанските организации. Беа развиени понапредни регионални обуки врз основа на придонесот на членовите на ГО на регионалната WeBER платформа, кои се покажаа како поискусни во следењето и учеството во РЈА, како и во процесите на креирање политики. Националните обуки, кои го покриваат основното ниво на знаење, главно се наменети за организации кои учествуваат во Националните работни групи во рамките на иницијативата WeBER во земјите опфатени со проектот, т.е. организации ангажирани и заинтересирани за РЈА главно од локална перспектива и генерално со помалку искуство во однос на учество во РЈА и процеси на креирање политики.

Како што напоменавме, и регионалните и локалните програми за обука се изготвени со партиципативен процес кој имаше за цел сите активности за градење капацитети да одговараат на потребите за обука. За таа цел, тимот на *WeBER Plus* подготви и подели анкета за релевантните ГО, со што се овозможи подробна анализа на нивните одговори и желби. Регионалната анкета за оценка на потребите за обука (ОПО) се занимаваше со искуството на ГО во учество во РЈА и изготвување политики, како и клучни теми за секоја област од РЈА. Анкетата им беше поделена на членовите на националната работна група во Северна Македонија (26 ГО), и 11 ГО доставија одговори.[1] Според одговорите на анкетата, темите на оваа регионална програма за обука вклучуваат конкретни елементи од сите шест области на РЈА што ги има во Начелата/Принципите на јавната администрација на *SIGMA/OECD*.[2] За секоја од шесте реформски области беа одбрани до четири главни теми врз основа на желбите на 11-те ГО што го пополнија прашалникот. Модулите за обука се усогласени со ревидираните Начела/Принципи на јавната администрација на *SIGMA* – еден модул покрива теми за една реформска област. Поради широката природа на областа Управување со јавни финансии (УЈФ) и бројот на разни теми што таа ги покрива, модулот за УЈФ е поделен во три компоненти. Според желбите на испитаниците, главниот акцент на обуката за сите модули е на условите во процесот за пристапување во ЕУ. Во нешто помала мера модулите ќе ги вклучуваат и најважните елементи на тековната политика и правната рамка во ЗБ, како и пример со споредбени практики во ЕУ.



---

[1] Комплетниот прашалник е даден во Прилог 1.

[2] Шесте области се: Стратегија и постојано подобрување на јавната администрација; Креирање политики и координација; Државна служба и управување човечки ресурси; Организација, отчетност и надзор; Давање услуги и дигитализација; и Управување со јавни финансии. Областите се дефинирани според ревидираните Начела/Принципи на јавната администрација (2023) на *SIGMA*.

# Содржина

Вовед ..... 0
1. Стратегија за реформа на јавната администрација ..... 4
2. Креирање политики и координација ..... 7
3. Државна служба и управување со човечки ресурси ..... 9
4. Организација, отчетност и надзор ..... 12
5. Давање улсуги и дигитализација ..... 15
6. Управување со јавни финансии ..... 17
Прилог 1: Прашалник за оценка на потребите за обука на ГО ..... 20

# I. Стратегија за реформа на јавната администрација

## Цел на модулот за обука

Да им се дадат на ГО напредни знаења за тоа како се планира, изготвува, реализира и следи една стратегиска рамка за РЈА за да можат да учествуваат во развојниот процес и/или да ја следат реализацијата на РЈА и да бараат отчет од властите.

## Опис на модулот

Модулот се состои од две главни тематски единици, кои испитаните ГО ги рангираа највисоко, и уште две други. Главните тематски единици се сржта на модулот за обука и се покриени детално, додека дополнителните се надоврзуваат на главниот дел.

**Главни тематски единици**

1. Планирање и изготвување политики во РЈА
2. Координирање, следење и известување за политики во РЈА

**Дополнителни тематски единици**

3. Вклучување релевантни чинители во развојот на стратегиски документи за РЈА, и следење на нивната реализација
4. Финансирање РЈА

На обуката, слушателите ќе научат:

- ✓ Кои области и теми може да влезат во РЈА; кои документи за планирање се користат за да се изготви стратегиска рамка на РЈА и кои се структурните елементи на една добра стратегија за РЈА; како се организира внатрешно, во државата, процесот за изготвување политики (тематска единица 1).
- ✓ Што е тоа координација на РЈА и кои се заедничките координативни механизми за целиот план за РЈА да се реализира целисходно; разлика меѓу административна и политичка координација за РЈА; што е тоа следење на РЈА и што содржи тоа структурно и материјално; како се изработуваат показатели за учинок за да се мери напредокот на РЈА и како граѓанскиот сектор може да ги употреби во својата работа; важноста на сеопфатното и транспарентно известување за реализацијата на РЈА и нејзините структурни елементи,

вклучително и примери за добра практика, и како граѓанското општество може да ги употреби службените извештаи во својата работа (тематска единица 2).

- ✓ Како заинтересираните страни можат да придонесат во изготвувањето на РЈА – модалитети и начини за вклучување, фази на учество, итн.; вклучување на граѓанското општество и други чинители во координацијата на РЈА – можности и примери за добри практики; како може граѓанскиот сектор да придонесе во службените процеси за следење на РЈА, како и да врши свои независни активности за следење (тематска единица 3).
- ✓ Главни извори за финансирање РЈА и начини на финансирање – државен буџет наспроти развојна помош (тематска единица 4).

Врз основа на желбите на испитаните ГО, акцентот на модулот е на условите во процесот на пристапување во ЕУ, а потоа и на најважните аспекти на тековната политика и правната рамка во земјата, и релевантни примери од компаративната пракса во ЕУ.

*Корисни материјали: Алатки за подготовка, реализација, следење, известување и оценување на реформата на јавната администрација и секторските стратегии: Насоки за партнери на SIGMA и други релевантни материјали од домашното законодавство и од практиката.*

**Резултати од учењето**

По завршувањето на овој модул за обука, се очекува дека слушателите ќе можат:

- ✓ Да утврдат кои приоритети од политиките може или треба да бидат дел од планот за РЈА;
- ✓ Да разликуваат разни документи за планирање РЈА и нивниот соодност;
- ✓ Да ги разберат логиката и структурата на документите за планирање РЈА, и со тоа лесно да ги наоѓаат потребните информации;
- ✓ Да ја разберат целта и улогата на координацијата на РЈА, и нејзината важност за следењето на РЈА;
- ✓ Да ја разберат целта и улогата на следењето на РЈА, и неговата важност за известувањето за РЈА;
- ✓ Да ја разберат целта и улогата на известувањето за РЈА и неговата важност за јавниот надзор;
- ✓ Да разберат како граѓанскиот сектор може да придонесе во процесите за изготвување, координација и следење на РЈА, и соодветно да се подготват за тоа;
- ✓ Да разликуваат различни извори за финансирање РЈА.

## Формат на обуката

Сесии за обука (виртуелни и во живо).

## Метод на обуката

Интерактивно изложување материјал од страна на обучувачот, практични задачи за слушателите во групи, дискусија во групи, примери за учење.

## Времетраење на обуката

Еден и пол ден (10 часа) обука со 2 часа практични задачи вон сесиите за обука.

## Број на слушатели

- Најмал број слушатели: 8-10
- Оптимален број слушатели: 15

# II. Креирање политики и координација

## Цел на модулот за обука

Да им се дадат на ГО напредни знаења за тоа како политиките ефективно се планираат, координираат во владејачките структури, реализираат, следат и оценуваат според јасно утврдени цели на политиките, за да можат ефективно да учествуваат во изготвувањето политики, да го следат работењето на властите и да бараат отчет од нив.

## Опис на модулот

Модулот се состои од две главни тематски единици, кои испитаните ГО ги рангираа највисоко, и уште две други. Главните тематски единици се сржта на модулот за обука и се покриени детално, додека дополнителните се надоврзуваат на главниот дел.

**Главни тематски единици**

1. Реализација, следење и оценување јавни политики
2. Изготвување политики врз основа на докази

**Дополнителни тематски единици**

3. Собраниски надзор на владиното креирање политики
4. Вклучување чинители во изготвувањето политики

На обуката, слушателите ќе научат:

- ✓ Како разните документи за политики се поврзани и како во планирањето политики се обезбедува тие да се доследни; како соработуваат министерствата и релевантните институции за да овозможат ефикасна координација на политиките; што се тоа одржливи резултати од политики; како европскиот интегративен процес се координира и организира внатре во владата (тематска единица 1).
- ✓ Кои механизми се користат за политиките да се реализираат сходно на целта; што подразбираат процедурите за следење; што опфаќа оценувањето политики и како да се употреби за целите на идните политики; како се постигнува усогласување политики, закони и подзаконски акти (тематска единица 2).
- ✓ Како да се утврдат и одржат парламентарните следење и надзор на владата (тематска единица 3).
- ✓ Кои процедури се воведуваат за да се овозможат проактивни и ефективни јавни консултации со чинителите и широката јавност; кои се стандардите и добрите практики за спроведување

консултации, со акцент на нивната транспарентност и достапност; како се организираат и како се изведуваат во пракса меѓу-министерски консултации (тематска единица 4).

Врз основа на желбите на испитаните ГО, акцентот на модулот е на условите во процесот на пристапување во ЕУ, а потоа и на најважните аспекти на тековната политика и правната рамка во земјата, и релевантни примери од компаративната пракса во ЕУ.

*Корисни материјали: RESPA – практичен пакет за оценка на регулаторното влијание и други релевантни материјали од домашното законодавство и од практиката.*

По завршувањето на овој модул за обука, се очекува дека слушателите ќе можат:

- ✓ Да разберат како се утврдуваат приоритети во политиките и како тие се усогласуваат со условите во процесот за пристапување во ЕУ;
- ✓ Да разликуваат разни документи за планирање политики и да го разберат нивниот соднос;
- ✓ Да ги разберат логиката и целта на оценката на регулаторното влијание;
- ✓ Да ја разберат целта на редовното следење на реализацијата на политиките;
- ✓ Да ја разберат целта на редовното известување за целите и резултатите на политиките;
- ✓ Да придонесат во креирањето инклузивни политики засновани на докази, како и во процесите за следење и известување;
- ✓ Да ги разберат логиката и целта на меѓу-министерските консултации;
- ✓ Да ја разберат важноста на улогата на Собранието во однос на работењето на владата;
- ✓ Да разликуваат разни фази и методи на консултации, како и да ги препознаваат разните услови за нивната реализација и придонесот од ГО.

## Формат на обуката

Сесии за обука (виртуелни и во живо).

## Метод на обуката

Интерактивно изложување материјал од страна на обучувачот, практични задачи за слушателите во групи, дискусија во групи, примери за учење.

## Времетраење на обуката

Еден и пол ден (10 часа) обука со 2 часа практични задачи вон сесиите за обука.

## Број на слушатели

- Најмал број слушатели: 8-10
- Оптимален број слушатели: 15

# III. Државна служба и управување со човечки ресурси

## Цел на модулот за обука

Да им се дадат на ГО напредни знаења за професионалноста, интегритетот и неутралноста на државните службеници, вработувањето, унапредувањето и еднакви можности според заслугите, со што се обезбедува државните службеници да ги имаат вистинските компетенции за делотворно да ги вршат своите задачи, во согласност со целта на реформскиот процес.

## Опис на модулот

Модулот се состои од две главни тематски единици, кои испитаните ГО ги рангираа највисоко, и уште две други. Главните тематски единици се сржта на модулот за обука и се покриени детално, додека дополнителните се надоврзуваат на главниот тематски фокус.

**Главни тематски единици**

1. Управување со професионалниот развој, талентот и учинокот на државните службеници
2. Компетенции, професионална автономија и отчетност на високите раководни функции во администрацијата

**Дополнителни тематски единици**

3. Заштита на државните службеници од несоодветно влијание и неоправдано разрешување
4. Процедури и практики за вработување во јавната администрација

На обуката, слушателите ќе научат:

- ✓ Кои се основите во утврдувањето на категоријата и опфатот на високите раководни лица; кои процедури треба да се воведат за да се овозможи вработување по заслуги на државните службеници на раководни функции; како да разликуваат високи раководни лица во јавната администрација (државни службеници на раководни функции) и функционери (политички назначени лица); како оценката на учинокот на високите раководни лица да биде објективна и заснована на нивните компетенции и резултати; за важноста на професионалната и раководна автономија на високите раководни лица (тематска единица 1).

- ✓ Кои се најважните аспекти на постојаното учење и како да се унапреди доживотното учење во јавната администрација; како да се утврдат потребите за обука на државните службеници; како да се препознаат и наградат талентираните и лицата со добар учинок во јавната администрација; како да работат на слабиот учинок на државните службеници (тематска единица 2).
- ✓ Кои се најважните аспекти на вработувањето по заслуги; како да ја оценуваат отвореноста, инклузивноста и транспарентноста на процедурите и политиките за вработување; до кои стандарди и правила треба да се придржуваат комисиите за избор; како се обезбедува транспарентност на одлуките за вработување (тематска единица 3).
- ✓ За улогата на доследната и прецизна законодавна рамка за јавната администрација, како се утврдуваат објективни критериуми за назадување или разрешување; кои се етичките и дисциплински рамки за државните службеници; кои се најважните аспекти на отчетноста на државните службеници и како тие се спроведуваат во пракса (тематска единица 4).

Врз основа на желбите на испитаните ГО, акцентот на модулот е на условите во процесот на пристапување во ЕУ, а потоа и на најважните аспекти на тековната политика и правната рамка во земјата, и релевантни примери од компаративната пракса во ЕУ.

*Корисни материјали: ReSPA - Подобрување на спроведувањето процедури за вработување засновано на заслуги во Западен Балкан: Анализи и препораки; ReSPA – Кон ефективна оценка на учинокот во Западен Балкан: Како се развива учинок; SIGMA - Раководна отчетност во Западен Балкан и други релевантни материјали од домашното законодавство и од практиката.*

**Резултати од учењето**

По завршувањето на овој модул за обука, се очекува дека слушателите ќе можат:

- ✓ Да разберат што опфаќа професионалната автономија на високите раководни лица;
- ✓ Да разликуваат раководни лица во јавната администрација од други функции во јавната администрација;
- ✓ Да ја разберат важноста и целта на професионалниот развој на државните службеници;
- ✓ Да разберат како да ја оценуваат објективноста на критериумите за назадување или разрешување државни службеници;
- ✓ Да ги разберат опсегот и најважните аспекти на плановите за човечки ресурси;
- ✓ Да разберат како може да се организираат и реализираат процедурите за вработување за да се одберат најсоодветните кандидати;
- ✓ Да разликуваат разни облици несоодветно влијание во јавната администрација;
- ✓ Да разберат кои стандарди треба да се исполнат при изготвувањето и спроведувањето етички и дисциплински рамки во јавната администрација.

## Формат на обуката

Сесии за обука (виртуелни и во живо).

## Метод на обуката

Интерактивно изложување материјал од страна на обучувачот, практични задачи за слушателите во групи, дискусија во групи.

## Времетраење на обуката

Еден и пол ден (10 часа) обука со 2 часа практични задачи вон сесиите за обука.

## Број на слушатели

- Најмал број слушатели: 8-10
- Оптимален број слушатели: 15

# IV. Организација, отчетност и надзор

## Цел на модулот за обука

Да им се дадат на ГО напредни знаења за отвореноста и транспарентноста на телата на јавната администрација, внатрешните и надворешните механизми за отчетност, организацијата на јавната администрација и работата на надзорните тела, како и системите за интегритет на државниот сектор кои ги сведуваат ризиците од корупција на минимум.

## Опис на модулот

Модулот се состои од две главни тематски единици, кои испитаните ГО ги рангираа највисоко, и уште две други. Главните тематски единици се срцта на модулот за обука и се покриени детално, додека дополнителните се надоврзуваат на главните теми.

**Главни тематски единици**

1. Интегритет и антикорупција во јавниот сектор
2. Управни постапки, судско разгледување и јавен надзор

**Дополнителни тематски единции**

3. Независни тела за контрола и надзор
4. Транспарентност, отвореност и пристап до информации во јавната администрација

На обуката, слушателите ќе научат:

- ✓ Кои се можните ризици од корупција и закани за интегритетот на јавната администрација; кои правила и вредности за етичко однесување се применуваат во јавната администрација; како да се препознае лобирање и да се разликува од други активности за влијание; како функционираат механизмите за претставки; кои се стандардите за заштита на укажувачи и како тие се обезбедуваат во практика; кои се главните аспекти на системите за пријавување имот и санкциите за неусогласеност (тематска единица 1).
- ✓ Како се спроведува Законот за општа управна постапка; важноста на судското разгледување и јавната одговорност на телата во јавната администрација (ТЈА) (тематска единица 2).
- ✓ Како соработуваат парламентите и независните тела за контрола; кои се најважните аспекти на работата на највисоките ревизорски институции (НРИ) и спроведувањето на нивните

препораки; кои се стандардите за независноста на НРИ и другите надзорни тела; кои се компетенциите и работните методи на омбудсманот и како тие се применуваат во практика (тематска единица 3).

- ✓ Зошто е важно унапредувањето на отвореноста и транспарентноста на јавната администрација; кои се главните стандарди за да се обезбеди проактивна и реактивна транспарентност на администрацијата; кои основи за одбивање пристап до јавни информации може да се сметаат за оправдани; како функционира системот за жалби до независно тело или до судовите; како се следи регулаторната усогласеност во оваа област со законодавството за јавни информации и отворени податоци (тематска единица 4).

Врз основа на желбите на испитаните ГО, акцентот на модулот е на условите во процесот на пристапување во ЕУ, а потоа и на најважните аспекти на тековната политика и правната рамка во земјата, и релевантни примери од компаративната пракса во ЕУ.

*Корисни материјали: ReSPA – Откривање скриени судири на интерес: Методологија за надзорни тела и други чинители и други релевантни материјали од домашното законодавство и од практиката.*

**Резултати од учењето**

По завршувањето на овој модул за обука, се очекува дека слушателите ќе можат:

- ✓ Да разберат како функционира ефективното управување со ризикот за интегритет во јавниот сектор;
- ✓ Да ја разберат важноста на ЗОУП, судското разгледување и важноста на јавната одговорност на ТДА;
- ✓ Да го разберат опсегот на работа на независните надзорни тела;
- ✓ Да ги сфатат сите релевантни аспекти на слободниот пристап до информации во јавниот сектор;
- ✓ Да ги разберат концептот и намената на отворените податоци.

## Формат на обуката

Сесии за обука (виртуелни и во живо).

## Метод на обуката

Интерактивно изложување материјал од страна на обучувачот, практични задачи за слушателите во групи, дискусија во групи, примери за учење.

## Времетраење на обуката

Еден и пол ден (10 часа) обука со 2 часа практични задачи вон сесиите за обука.

## Број на слушатели

- Најмал број слушатели: 8-10
- Оптимален број слушатели: 15

# V. Давање услуги и дигитализација

## Цел на модулот за обука

Да им се дадат на ГО напредни знаења за дигитализација, достапност и практично уредување на административните услуги за да се обезбедат високо квалитетни услуги според потребите на корисниците.

## Опис на модулот

Модулот се состои од две главни тематски единици, кои испитаните ГО ги рангираа највисоко, и уште две други. Главните тематски единици се срцта на модулот за обука и се покриени детално, додека дополнителните се надоврзуваат на главниот дел.

**Главни тематски единици**

1. Дитигализација на услуги
2. Општа управна постапка и начелото на еднократност

**Дополнителни тематски единици**

3. Достапност на услугите
4. Практично уредување, ангажираност на корисниците и повратни информации

На обуката, слушателите ќе научат:

- ✓ Што е интероперабилност на јавните регистри и каква улога игра тоа во организирањето и давањето услуги и како се постигнува тоа; што е дигитален идентитет на граѓаните; како треба да се намалат ризиците за приватноста; кои заеднички алатки се користат за да се подобри давањето дигитални услуги (тематска единица 1).
- ✓ Како да се препознаат новите потреби на корисниците и да се вградат во организацијата на услугите; што претпоставува намалувањето на административниот товар и како се ревидираат и оценуваат постојните административни постапки; како да се вклучат корисниците во преуредувањето на услугите (тематска единица 2).
- ✓ Што претпоставува давањето услуги преку сите канали; како се вклучуваат разнородните потреби на разните кориснички групи во организирањето и давањето услуги; кои алатки за достапност вообичаено се користат во организирањето и давањето услуги (тематска единица 3).

- ✓ Како да се препознаат новите потреби на корисниците и да се вградат во организацијата на услугите; што претпоставува намалувањето на административниот товар и како се ревидираат и оценуваат постојните административни постапки; како да се вклучат корисниците во преуредувањето на услугите (тематска единица 4).

Врз основа на желбите на испитаните ГО, акцентот на модулот е на условите во процесот на пристапување во ЕУ, а потоа и на најважните аспекти на тековната политика и правната рамка во земјата, и релевантни примери од компаративната пракса во ЕУ.

*Корисни материјали: ReSPA - Анализа на Е-Влада: Од Е- до отворена влада; OECD – Начела на добри практики за организирање и давање јавни услуги во дигиталната ера и други релевантни материјали од домашното законодавство и од практиката*

**Резултати од учењето**

По завршувањето на овој модул за обука, се очекува дека слушателите ќе можат:

- ✓ Да разберат како може да се употребат интероперабилните јавни регистри;
- ✓ Да го разберат концептот на организирање услуги како важни настани во животот;
- ✓ Да го разберат концептот на административен товар;
- ✓ Да ја разберат важноста на компјутерската безбедност и намалувањето на ризиците во давањето дигитални услуги;
- ✓ Да ги разберат сите релевантни аспекти на достапноста на услугите;
- ✓ Да разберат како да ги вградат потребите на конкретни општествени групи во организирањето и давањето услуги;
- ✓ Да разберат како да ја препознаат потребата за преуредување на услугите;
- ✓ Да го сфатат концептот на проактивни услуги.

## Формат на обуката

Сесии за обука (виртуелни и во живо).

## Метод на обуката

Интерактивно изложување материјал од страна на обучувачот, практични задачи за слушателите во групи, дискусија во групи, примери за учење.

## Времетраење на обуката

Еден и пол ден (10 часа) обука со 2 часа практични задачи вон сесиите за обука.

## Број на слушатели

- Најмал број слушатели: 8-10
- Оптимален број слушатели: 15

# VI. Управување со јавни финансии

## Цел на модулот за обука

Да им се дадат на ГО напредни знаења за планирање и управување со јавни финансии на одржлив и транспарентен начин, за управувањето и реализацијата на системот за јавни набавки, и за употребата и управувањето со средства од ЕУ.

## Опис на модулот

Поради широката природа на областа управување со јавни финансии (УЈФ) и разните теми што таа ги покрива, овој модул е поделен на три компоненти: управување со средства од ЕУ, јавни набавки, и планирање, изготвување, реализација и известување за буџетот. **Во текот на една обука, темелно ќе се обработи само едена од овие компоненти**.

**Главни компоненти**

1. Фискална автономија и финансиски надзор над локалната самоуправа
2. Управување со средства од ЕУ
3. Планирање, изготвување, реализација и известување за буџетот

**Дополнителни тематски единици**

1. Транспарентност на буџетот (под Компонента 3)

На обуката, слушателите ќе научат:

***Компонента 1***

- ✓ Кои се стандардите за ефективна фискална автономија на локалната самоуправа.
- ✓ Кое е значењето на финансискиот надзор над локалната самоуправа.
- ✓ Кои механизми се воспоставени.

***Компонента 2***

- ✓ Кои се стандардите за ефективна и транспарентна употреба на средствата од ЕУ во согласност со нивната намена и утврдените потреби.
- ✓ Кои структури се воспоставени за управување со тие средства.
- ✓ Каква е поделбата на улоги и обврски (институционални и раководни).
- ✓ Како управувањето со средства од ЕУ е поврзано со домашните структури и процедури за управување со буџетот.

***Компонента 3***

- ✓ Што опфаќаат разните фази од буџетскиот циклус (вклучително и полугодишен наспроти годишен буџет, буџетски категории).
- ✓ Кои се фискалните ризици и зошто е важно тие да се следат.
- ✓ Основни концепти и пристапи за буџетско сметководство и известување во јавната администрација.
- ✓ Целта и главните елементи на системите за контрола на реализацијата на буџетот.
- ✓ Како да се овозможи вклучување на граѓаните во процесот на буџетирање и кои се главните отворени алатки за буџетирање.

*Корисни материјали: SIGMA – Прирачник за обука за јавни набавки; Алатки за јавни набавки од OECD; Принципи на буџетско владеење од OECD и други релевантни материјали од домашното законодавство и од практиката.*

Врз основа на желбите на испитаните ГО, акцентот на модулот е на условите во процесот на пристапување во ЕУ, а потоа и на најважните аспекти на тековната политика и правната рамка во земјата, и релевантни примери од компаративната пракса во ЕУ.

**Резултати од учењето**

По завршувањето на овој модул за обука, се очекува дека слушателите ќе можат:

- ✓ Да ја разберат важноста на фискалната автономија на општините и важноста на финансискиот надзор;
- ✓ Да ги разберат најважните аспекти и стандарди за управување со средства од ЕУ;
- ✓ Да разберат како средствата од ЕУ се вградуваат во домашната буџетска структура;
- ✓ Да разберат што значат ефективното управување и користење на средствата од ЕУ;
- ✓ Да разберат кои стандарди за активностите во јавните набавки треба да се вградат во законодавството за јавни набавки;
- ✓ Да разликуваат разни фази од процесот на буџетирање;
- ✓ Да ги разберат разните начини на кои граѓаните можат да учествуваат во процесот на буџетирање;
- ✓ Да го сфатат концептот на фискална дисциплина;
- ✓ Да ја разберат важноста на разните извештаи за реализација на буџетот (месечни, полугодишни, годишни).

**Формат на обуката**

Сесии за обука (виртуелни и во живо).

**Метод на обуката**

Интерактивно изложување материјал од страна на обучувачот, практични задачи за слушателите во групи, дискусија во групи, примери за учење.

## Времетраење на обуката

Еден и пол ден (10 часа) обука со 2 часа практични задачи вон сесиите за обука.

## Број на слушатели

- Најмал број слушатели: 8-10
- Оптимален број слушатели: 15

# Прилог 1: Прашалник за оценка на потребите за обука на ГО

**Оценка на потребите за обука на ГО за учество во процесот на реформа на јавната администрација (РЈА)**

П1: Оценете го вашето искуство во учеството во процесот на реформа на јавната администрација (РЈА) општо земено (каде што 1 е малку до никакво искуство, а 5 е многу искуство)

a. 1
b. 2
c. 3
d. 4
e. 5

П2: Оценете го вашето искуство во процесот на реформа на јавната администрација во поединечни области (каде што 1 е малку до никакво искуство, а 5 е многу искуство)

a. Стратегиска рамка за РЈА (1-5)
b. Изготвување и координирање политики (1-5)
c. Управување со јавни услуги и човечки ресурси (1-5)
d. Организација, отчетност и надзор (1-5)
e. Давање услуги и дигитализација (1-5)
f. Управување со јавни финансии (1-5)

П3: За која од следните теми од стратегиската рамка за РЈА ви треба дополнителна обука? (одберете најмногу 3 теми)

a. Планирање и изготвување политики во областа на РЈА
b. Координирање, следење и известување за политики во областа на РЈА
c. Вклучување релевантни чинители во изготвувањето стратегиски документи за РЈА, и следење на нивната реализација
d. Финансирање РЈА
e. Друго (наведете)

П4: За која од следните теми во областа изготвување политики ви треба дополнителна обука? (одберете најмногу 3 теми)

a. Планирање и координирање политики во средиштето на владата
b. Изготвување политики врз основа на докази
c. Вклучување чинители во изготвувањето политики
d. Реализација, следење и оценка на јавни политики
e. Парламентарен надзор на владиното креирање политики
f. Друго (наведете)

П5: За која од следните теми во областа управување со јавни услуги и човечки ресурси ви треба дополнителна обука? (одберете најмногу 3 теми)

a. Заштита на државните службеници од несоодветно влијание и неоправдано разрешување
b. Процедури и практики за вработување во јавната администрација
c. Компетенции, професионална автономија и отчетност на високите раководни функции во јавната администрација
d. Систем на плати во јавната администрација
e. Управување со професионален развој, талент и учинок кај државните службеници
f. Друго (наведете)

П6: За која од следните теми во областа организација, отчетност и надзор ви треба дополнителна обука (одберете најмногу 3 теми)

a. Транспарентност, отвореност и пристап до информации во јавната администрација
b. Организација на јавната администрација
c. Тела за независна контрола и надзор
d. Управни постапки, судско разгледување и јавна одговорност
e. Интегритет и анти-корупција во јавниот сектор
f. Друго (наведете)

П7: За која од следните теми во областа давање услуги и дигитализација ви треба дополнителна обука? (одберете најмногу 3 теми)

a. Практично уредување, ангажираност на корисниците и повратни информации
b. Општа управна постапка и начело на еднократност
c. Достапност на услугите
d. Дигитализација на услугите
e. Друго (наведете)

П8: За која од следните теми во областа управување со јавни финансии ви треба дополнителна обука? (одберете најмногу 3 теми)

a. Планирање, изготвување, реализација и известување за буџетот
b. Буџетска транспарентност
c. Внатрешна ревизија и ефективно управување со ресурсите во телата на јавната администрација
d. Систем за јавни набавки
e. Надворешна ревизија од највисоките ревизорски институции
f. Фискална автономија и фискален надзор над регионалните и локалните власти
g. Управување со средства од ЕУ
h. Друго (наведете)

П9: За одбраните област и теми од PJA, рангирајте на што би сакале да се задржи обуката

a. Тековна политика и законодавна рамка во Западен Балкан
b. Компаративни практики од ЕУ
c. Услови во процесот за пристапување во ЕУ

П10: Оценете го вашето искуство во следните аспекти на процесот за изготвување стратегии и прописи (каде што 1 е малку до никакво искуство, а 5 е многу искуство)

a. Вклученост во работни групи за изготвување стратегии и прописи (1-5)
b. Следење на реализацијата на донесени стратегии и прописи (1-5)
c. Учество во консултации и јавни дебати при изготвувањето стратегии и прописи (1-5)

П11: Кој метод на работа го претпочитате?

a. Кратки, интерактивни сесии со задачи по секоја сесија.
b. Подолги сесии без задачи по нив.

П12: Кој начин го претпочитате за изведување на практичните делови од активностите за обука?

a. Индивидуална работа
b. Работа во групи

П13: Пополнете ги следните информации за вашата организација.

a. Име на организацијата
b. Вид организација (застапување, набљудување, истражување)
c. Главна област на внимание/стручност
d. Географски опсег (регионална, државна, локална)

П14: Седиште

a. Србија
b. Босна и Херцеговина
c. Северна Македонија
d. Црна Гора
e. Албанија
f. Косово

П15: Други предлози, коментари и информации што сакате да ги споделите.

*Овој извештај беше подготвен со поддршка на регионалниот проект „SMART Balkans – Civil Society for Shared Society in the Western Balkans“. Проектот SMART Balkans е спроведен од страна на Центарот за промоција на граѓанското општество (ЦПЦД), Центарот за истражување и креирање политики (ЦРПМ) и Институтот за демократија и медијацција (ИДМ) финансиски поддржани од Министерството за надворешни работи на Норвешка (НМФА). Содржината на овој документ е единствена одговорност на спроведувачите на проектот и не мора да ги одразува ставовите на Центарот за промоција на граѓанското општество (ЦПЦД), Центарот за истражување и креирање политики (ЦРПМ) и Институтот за демократија и медијација (ИДМ), или од Министерството за надворешни работи на Норвешка (НМФА).*